# ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ
## ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА



1

Доколку имаш кашлица, покачена температура, суво грло или чувствуваш замор, болки во грлото, отежнато дишење, губење на сетилата за мирис и вкус, јави се на телефон кај твојот матичен лекар!



## 2

Доколку примаш редовна терапија за хронична болест или имаш потреба од преглед/здравствена услуга преку „Мој термин“, се препорачува да го контактираш матичниот лекар телефонски или онлајн.



**3** Доколку си бремена/твојата партнерка е бремена, имај предвид дека треба да се прават сите анализи и прегледи во текот на бременоста, но со претходна консултација со матичниот гинеколог! По потреба тој ќе закаже преглед во ординацијата, согласно протоколите за заштита.

4

Лекувањето поврзано со ковид-19 е бесплатно за сите. Доколку твојата здравствена состојба се влоши и потребна ти е хоспитализација, знај дека лекувањето е бесплатно и на товар на Фондот за здравствено осигурување.

5

Доколку ти требаат информации во врска со социјалната и здравствената заштита или со репродуктивните права, јави се на (02) 2651 955 секој работен ден од 10 до 16 часот или пиши ни на нашата Фејсбук-страница Иницијатива на жени од Шуто Оризари (@zenisutoorizari)!

6

Доколку сметаш дека некое право ти е прекршено и имаш потреба од правен совет, јави се во Младинскиот центар „Сакам да знам“ – Шуто Оризари на телефон (02) 2651 955 или 078 220 694.





**7** Доколку си во изолација и имаш потреба од хигиенски и прехранбени производи, јави се во Црвениот крст на Град Скопје на телефон (02) 3114 355.



**8**

Доколку си жртва на семејно или родово базирано насилство и потребна ти е помош, јави се во Првиот семеен центар на Град Скопје секој работен ден од 9 до 19 часот на (02) 3200 007 или контактирај преку Фејсбук (@infopsc).





**9**

Доколку имаш потреба од консултација и преглед (гинеколошки или дерматовенеролшки), контрацепција, тестирање за сексуално преносливи инфекции или ХИВ тестирање, закажи термин во Младинскиот центар„Сакам да знам“– Шуто Оризари на телефон (02) 2651 955.



# Телефони кои секогаш треба да ги знаеш:

Полиција **192**

Противпожарна бригада **193**

Брза помош **194**

Ало докторе **02 15123**

Бесплатен телефонски број за прашања во врска со корона-вирусот

**0800 00 203**

ХЕРА

ИНИЦИЈАТИВА НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА